ИСИЕ

ИНСТИТУТ ЗА СТРАТЕШКИ ИСТРАЖУВАЊА И ЕДУКАЦИЈА

# КАКО СЕ ТРОШИ СРЕДНОШКОЛСКИОТ ДЕНАР?

## Студија за јавните набавки во средните училишта во периодот 2013 – 2016 година

Проектот е финансиран од страна на Европската Унија и Граѓанската асоцијација МОСТ.

д-р Мишо Докмановиќ
д-р Катерина Шапкова-Коцевска
д-р Дарко Спасевски

# КАКО СЕ ТРОШИ СРЕДНОШКОЛСКИОТ ДЕНАР?

## СТУДИЈА ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ПЕРИОДОТ 2013 – 2016 ГОДИНА

Скопје, 2018 година

КАКО СЕ ТРОШИ СРЕДНОШКОЛСКИОТ ДЕНАР? СТУДИЈА ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА ВО ПЕРИОДОТ 2013 – 2017 ГОДИНА

**Институт за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ**
**www.isie.org.mk**

**За издавачот**
д-р Мишо Докмановиќ

**Автори**
д-р Мишо Докмановиќ
д-р Катерина Шапкова-Коцевска
д-р Дарко Спасевски

**Лектура**
Лилјана Јовановска

**Печати**
Pan Computers&Print www.pan.mk

Оваа публикација е изготвена со помош на Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ од Скопје и на никаков начин не може да се смета дека ги одразува гледиштата на Европската Унија.

Проектот е финансиран од страна на Европската Унија и Граѓанската асоцијација МОСТ.

# ВОВЕД

Проектот „Како се троши средношколскиот денар?: Проект за поттикнување на интересот на јавноста за транспарентност и домаќинско трошење во јавните набавки за средно образование" го спроведува Институтот за стратешки истражувања и едукација –ИСИЕ од Скопје во рамките на проектот „Медиа платформа за застапување", имплементиран од МОСТ, а финансиски поддржан од Европската Унија.

Целта на проектот е да се поттикне интересот на јавноста и заинтересираните страни за трошењето на средствата за јавни набавки во средното образование преку зголемување на транспарентноста и достапноста на релевантните податоци и индикатори. Евидентно е дека во земјата постои слаба информираност на учениците и родителите за нивните права и можности поврзани со трошењето на јавните средства во високото образование. Нивниот интерес за овие прашања е на исклучително ниско ниво. На ниско ниво е и интересот на медиумите, особено на локално ниво, за известување на овие теми. Тоа во голем дел се должи и на отсуството на вештини за генерирање и анализа на јавно достапни податоци поврзани со јавни набавки во земјата.

На почетокот, треба да се потенцира дека единиците на локалните самоуправи се соочуваат со големи предизвици при обезбедувањето на средства за финансирање на нивните дејности, во конкретниот случај тоа важи и за финансирање на средното образование. Ургентноста на ова истражување се огледува во тоа што едно од клучните прашања кое што се поставува во конкретниот момент, е дали е обезбедена транспарентност и отчетност при трошењето на јавните пари во делот на средното образование. Сведоци бевме во изминатиот период на многу отворени прашања, особено во делот на начинот на

финансирање на превозот на учениците и слично. Оттука сметаме дека се работи за актуелно и ургентно прашање, за кое токму оваа кампања ќе придонесе истото да стане видливо и да се актуализира.

Преку ова истражување кое се состои од анализа на структурата на јавните набавки, начинот на доделување на договорите за јавни набавки и висината на средствата поделени по плански региони и општини, беа таргетирани неколку групи на интересенти и тоа:

- родителите (и учениците) на кои преку анализата, инфо-графиците и јавна дебата која ќе биде организирана, ќе им се објасни како се финансира образованието на нивните деца со посебен фокус на јавните набавки;
- креаторите на политики, во конкретниот случај единиците на локалната самоуправа и државата, кон кои се обраќаме преку анализата и јавните настани, како начин на заедничко детектирање на слабостите на системот на трошење на средствата за јавни набавки во средното образование;
- медиумите и медиумските работници во поширока смисла, кои преку анализата и инфо-графици ќе имаат пристап до сериозни и издржани податоци кои ќе може да ги користат при нивното професионално делување;
- пошироката заедница, на која се обраќаме преку јавните дебати и кампањите на социјалните мрежи.

Во таа смисла како целни групи кон кои е насочен овој проект, може да се вбројат следниве:

- ✓ средношколците и родителите од средните училишта во РМ;
- ✓ органите на управување и наставниците во средните училишта;
- ✓ органите надлежни за спроведување на јавните набавки;
- ✓ основачите на средните училишта;
- ✓ општините;
- ✓ градот Скопје;
- ✓ надлежните министерства и државни институции;
- ✓ локалните и националните медиуми и студенти по новинарство и
- ✓ пошироката заедница.

Што се однесува до методологијата на спроведеното истражување, истата се темели на два клучни пункта: 1) анализа на постојното законско решение за јавните набавки и неговото спроведување во средното образование и 2) анализа на достапните информации за јавните набавки преку електронскиот систем на Бирото за јавни набавки на РМ.

Овој документ е поделен на неколку делови. Во првиот дел на документот е ставен акцент на актуелните трендови во регулативата и практиката и јавните набавки во земјата, вклучувајќи го дефинирањето на предметот на јавна набавка, видовите постапки за јавни набавки, спроведувањето на самата постапка итн. Во вториот дел на документот е опфатена анализата на јавните набавки во средното образование во периодот од 2013 до 2016 година и опфаќа повеќе релевантни параметри (општи информации за јавните набавки, вредноста на склучените договори, намената и носителите на јавните набавки итн). Конечно, во третиот дел на документот се формулирани заклучоци и препораки на спроведеното истражување.

# 1.ПРЕГЛЕД НА АКТУЕЛНИТЕ ТРЕНДОВИ ВО РЕГУЛАТИВАТА И ПРАКТИКАТА ЗА ПОСТАПУВАЊЕ СО ЈАВНИТЕ НАБАВКИ ВО СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА

## 1.1. СРЕДНОТО ОБРАЗОВАНИЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА НИЗ ФАКТИ И БРОЈКИ

Дејноста на образованието е една од клучните дејности кои единиците на локалната самоуправа им ја овозможуваат на граѓаните. Од учебната 2007/2008 година, средното образование е задолжително за секој граѓанин во подеднакви услови утврдени со Законот за средното образование.[1] Од овој момент, трошоците за финансирање на јавните средни училишта во Република Македонија беа значително зголемени. Зголемувањето на бројот на ученици ги зголеми и трошоците по различни основи. Во таа насока, за да се овозможи еднаков пристап до квалитетно образование за сите ученици, беа обезбедени бесплатни учебници, компјутер за секој ученик, бесплатен превоз или бесплатно сместување во ученички домови. Како дополнителна поддршка на образовниот процес беа достапни бесплатни преносливи компјутери за секој наставник и интернет до сите училишта и ученички домови.

Јавното средно образование во учебната 2016/17 година го карактеризираа следниве клучни трендови и статистички податоци:

[1]Закон за средно образование (Службен весник на Република Македонија, бр . 44/1995, 24/1996, 34/1996, 35/1997, 82/1999, 29/2002, 40/2003, 42/2003, 67/2004, 55/2005, 113/2005, 35/2006, 30/2007, 49/2007, 81/2008, 92/2008, 33/2010, 116/2010, 156/2010, 18/2011, 42/2011, 51/2011, 6/2012, 100/2012, 24/2013, 41/2014, 116/2014, 135/2014, 10/2015, 98/2015 и 145/2015).

- ✓ Во земјата постојат 103 јавни средни училишта од кои 89 средни училишта се основани од страна на единиците на локалната самоуправа, додека 14 средни училишта се основани од државата;
- ✓ 70 139 ученици беа запишани во прва, втора, трета и четврта година;
- ✓ 7 021 наставник се ангажирани во јавните средни училишта;
- ✓ 220.837.775 денари беа потрошени за јавни набавки (се однесува на календарска 2016 година);
- ✓ јавните расходи наменети за образование изнесуваат 4% од БДП.[2]

Имајќи ги предвид овие општи трендови во средното образование во земјата, истражувањето се фокусираше на конкретниот истражувачки предизвик, односно јавните набавки во средното образование. Кога станува збор за јавните набавки, треба да се има предвид дека секој модерен систем на јавни набавки се базира на општоприфатени стандардизирани начела кои го детерминираат концептот на јавните набавки. Имено, вакви преовладувачки начела се: (1) транспарентност; (2) отчетност; (3) ефикасност и (4) економичност на трошењето на јавните средства.

Од друга страна, системот треба да обезбеди еднаквост помеѓу економските оператори, на начин на кој сите заинтересирани економски оператори под фер услови во рамноправна борба меѓусебно ќе се натпреваруваат на повикот за јавна набавка. Согласно со членот 2 од Законот за јавните набавки, во рамките на системот за јавните набавки се обезбедува: (1) конкуренција меѓу економските оператори; (2) еднаков третман и недискриминација на економските оператори; (3) транспарентност и интегритет во процесот на доделување на договори за јавни набавки и (4) рационално и ефикасно искористување на средствата во постапките за доделување договори за јавна набавка.[3]

---

[2] Докмановиќ. М, Шапкова, К.К., Спасевски Д., (2017) *Помалку ученици, поголеми трошоци: како до потранспарентно трошење на јавните средства во средното образование?*, Скопје, Институт за стратешки истражувања и едукација.

[3] Закон за јавни набавки („Службен весник на Република Македонија" бр. 136/2007, 130/2008, 97/2010, 53/2011, 185/2011, 148/2013, 160/2013, 28/2014, 43/2014, 130/2014, 180/2014, 78/2015, 192/2015, 27/2016, 120/2016 и 165/2017).

Покрај тоа, не треба да се заборави дека самата постапката за јавна набавка има свој животен век. Имено, кога ќе ги земеме сублимираните меѓународни искуства, постапката за јавна набавка, може да биде организирана во неколку фази и тоа: (1)планирање и подготовка; (2) јавна објава; (3) поднесување на понуди; (4) оценување на понудите; (5) доделување на договорот и (6) спроведување на договорот.[4]

Фазата на планирање има многу голема важност и поради тоа потребно е договорниот орган да посвети многу внимание во оваа фаза. Покрај тоа, во оваа фаза препорачано е да се користат и дополнителни мислења и консултации со експертската и стручната јавност за начинот како да се опфати предметот на јавната набавка и истата соодветно содржински да биде определена. Ако договорниот орган погреши во оваа фаза на постапката, многу е веројатно да се појават грешки и проблеми во подоцнежните фази од спроведувањето на јавната набавка. Во принцип може да се припишат голем број грешки кои може да произлезат од оваа фаза на јавната набавка. Во рамките на оваа фаза се препорачува да се изготви стандардизирана методологија за комуникација со понудувачите (економските оператори кои ќе се јават на повикот за јавна набавка), анализа на различните опции кои се потенцијално на располагање на договорниот однос во оваа фаза, како и да се определат правила за планирање, спроведување и надзор на процедурата за јавна набавка. Оттука потребно е да се посвети посебно внимание на фазата на планирање бидејќи отстранувањето на недостатоците кои би се појавиле во оваа фаза би било проследено со продолжување на рокови, зголемување на трошоците, а понекогаш би довело и до неуспех на набавката. Дополнително, многу е важно да се внимава на обезбедување на независност и објективност на постапката, што значи избегнување на судир на интереси и обезбедување на непристрасност, транспарентност и јавно постапување.

[4]Europska komisija, Javna nabava-Smjernice za praktičare o izbjegavanju najčešćih pogrešaka u postupcima javne nabave u okviru projekata financiranih iz europskih strukturnih i investicijskih fondova, dostupni naČhttp://ec.europa.eu/regional_policy/sources/docgener/informat/2014/guidance_public_proc_hr.pdf[12/03/2018].

Во фазата на планирање се поставуваат неколку клучни прашања и тоа:

- Што се набавува и зошто?
- Кој е клучен двигател на набавката?
- Кои се клучни фактори за успех или неуспех за набавката?
- Која цел се сака да се постигне со набавката?
- Дали постојат алтернативни решенија (на пример, дали наместо нешто да се купи, истото да се земе под закуп или лизинг или нешто слично)?
- Дали постојат алтернативни стоки, работи или услуги?
- Колкави средства се на располагање на договорниот орган?

Исто така, во фазата на планирање е потребно да се направи и временски план за спроведување на јавната набавка во кој во една временска низа ќе бидат вклучени сите важни чекори кои се потребни да се преземат и времето потребно за нивна реализација. Во таа низа треба да се додадат и сите дејствија кои може да произлезат, како што се постапки по правни лекови (жалби) или други ситуации кои вообичаено не би се случиле.

Посебно внимание секогаш се бара да биде посветено и во фазата на подготвување на техничката спецификација. Оваа фаза е многу важна ако се има предвид нејзиното значење. Имено, оваа фаза на некој начин ги разработува обврските на економскиот оператор за материјализација на договорот за јавната набавка. „Техничка спецификација" е збир на технички услови, прописи, препораки и стандарди со кои детално се дефинираат минималните барања од технички аспект кои стоките, услугите или работите предмет на договорот за јавна набавка треба да ги задоволат.

Како што изнесовме претходно, потребно е да постојат стандардизирани механизми за контрола на целиот животен век на јавната набавка. Јавната набавка не започнува со огласот за јавна набавка, ниту пак завршува со донесувањето на одлуката од страна на договорниот орган. Поради тоа потребно е да се предвидат механизми и за следење на исполнувањето на договорот. Во таа насока, многу е важно јавните средни училишта да имаат лица кои имаат технички вештини кои ќе може да го

следат исполнувањето на договорот за јавна набавка во делот на навременото исполнување на договорот, начинот на исполнување на договорот, квалитетот на исполнувањето и слично. Доколку средното училиште не ги поседува потребните капацитети за да може да ги следни фазите на исполнување на договорот за јавна набавка, истото може да ангажира надворешни лица. Секако тоа ќе биде проследено и со дополнителни трошоци за договорниот орган. Но, ваквите трошоци, ако ги гледаме од аспект на превенција на евентуални дополнителни идни проблеми, имаат голема корист за договорниот орган. Особено е важно да се има лица со соодветен стручен капацитет и професионална подготовка кога се работи за договори за јавна набавка за работи. Договорите за јавна набавка на градежни работи се многу комплицирани поради нивната сложена структура. Сложеноста на овие договори произлегува најмногу од комплексниот карактер на градежните работи. Потребно е посебно стручно знаење кое мора да го поседува одредено лице кое треба да го контролира начинот на изведувањето на работите. По правило тоа го прави надзорен инженер, што е во согласност и со другите прописи со кои се уредува оваа материја. Па така, посебни одредби се предвидени и во Законот за градење. Но, она што се прави често во практиката, е да биде изоставен надзор од професионално лице кога се работи за занаетчиски работи од помал обем. На тој начин со ваквото занемарување, се случува да се примат и одобрат работи кои го немаат потребниот квалитет. Поради тоа потребно е средните училишта да изградат сериозни капацитети со посебни стручни лица, кои ќе имаат соодветна професионална подготовка да може да го следат исполнувањето на договорот.

## 1.2. ДЕФИНИРАЊЕ НА ПРЕДМЕТОТ НА ЈАВНАТА НАБАВКА

Согласно со членот 15 од Законот за јавните набавки, договорот за јавна набавка може да биде:

- договор за јавна набавка на стоки;
- договор за јавна набавка на услуги, и
- договор за јавна набавка на работи.

Предмет на договорот за јавна набавка на стоки претставува набавка на една или повеќе стоки, преку купување веднаш, купување со одложено плаќање или изнајмување со или без опција за купување на стоката.[5]

Предмет на договорот за јавна набавка на услуги претставува обезбедување на една или повеќе услуги, и тоа: услуги за одржување и поправка, услуги за привремено вработување, услуги за патен и воздушен транспорт, услуги за истражување и развој, услуги за истражување на пазарот и истражување на јавното мислење, услуги за чистење на објекти и за управување со имот, осигурителни, банкарски и инвестициски, телекомуникациски, информатички, сметководствени, ревизорски, книговодствени, консултантски, архитектонски, инженерски, рекламни, издавачки, печатарски и санитарни услуги или услуги за железнички и воден транспорт, хотелски, угостителски, правни, истражни, образовни, здравствени и социјални, рекреативни, културни, спортски и други услуги кои не се опфатени со ставот (1) алинеја 1 на овој член.[6]

Предмет на договорот за јавна набавка на работи претставува:

- изведување на активности на градење, или
- изведување на градба, проектирање и изведување на активности на градење, или
- проектирање и изведување на градба или реализирање, со какви било средства, на градба која одговара на барањата утврдени од договорниот орган и која сама по себе исполнува одредена техничка и економска функција.[7]

Од анализата која беше направена во рамките на истражувањето, а која подетално е презентирана во вториот дел на оваа студија, се забележува дека набавките на средните училишта опфаќаат широк спектар. Таквиот пристап е определен со дејноста која средните училишта ја вршат и која изискува голем број средства да се обезбедат со цел навремено и непречено функционирање на истите. Во таа насока, со оглед дека паралелно со гимназиското образование, средното образование е организирано и преку средно стручно образование, посебно кај овие

[5] Член 16 од ЗЈН
[6] Член 17 од ЗЈН
[7] Член 18 од ЗЈН

училишта кои имаат тесно стручен профил, голем дел од набавките опфаќаат за предмет добра и услуги кои имаат одреден специфичен карактер сообразени за нивната дејност.

## 1.3.ВИДОВИ ПОСТАПКИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ СОГЛАСНО СО ЗАКОНОТ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ КОИ МОЖЕ ДА БИДАТ КОРИСТЕНИ ОД СТРАНА НА СРЕДНИТЕ УЧИЛИШТА КОИ БИ СЕ ЈАВИЛЕ КАКО ДОГОВОРЕН ОРГАН

Согласно со членот 3, став (1) точка 1, од Законот за јавните набавки, „договор за јавна набавка" е договор од финансиски интерес кој ги вклучува и секторските договори, склучен во писмена форма меѓу еден или повеќе договорни органи од една страна и еден или повеќе економски оператори од друга страна, а чиј предмет е изведување на работи, испорака на стоки или обезбедување на услуги. Законот за јавните набавки предвидува неколку видови постапки за јавни набавки и тоа:

- „Отворена постапка" е постапка во која секој економски оператор има право да поднесе понуда;
- „Ограничена постапка" е постапка во која секој економски оператор има право да поднесе пријава за учество, а само кандидатите избрани од страна на договорниот орган се поканувaат да поднесат понуда;
- „Конкурентен дијалог" е постапка во која секој економски оператор има право да поднесе пријава за учество и според која договорниот орган води дијалог со избраните кандидати со цел да се утврди едно или повеќе соодветни решенија кои ќе ги задоволат неговите барања и врз основа на кои избраните кандидати ќе ја изготват својата понуда;
- „Постапка со преговарање" е постапка во која договорниот орган ги консултира избраните кандидати и преговара за условите од договорот со еден или со повеќе од нив;
- „Постапка со барање за прибирање на понуди" е поедноставена постапка за доделување на договор за јавна набавка која се

спроведува согласно со Главата V Дел 6 од Законот за јавните набавки;

- „Рамковна спогодба“ е писмена спогодба меѓу еден или повеќе договорни органи и еден или повеќе економски оператори за да се утврдат основните услови кои ќе ги регулираат договорите за јавни набавки што треба да се доделат во определен период, особено во поглед на цената и, ако е можно, предвидените количини;
- „Електронска аукција“ е повторлив процес на негативно наддавање кој се реализира по првична целосна евалуација на понудите, во кој понудувачите имаат можност, исклучиво со користење на електронски средства, да ги ревидираат дадените цени, така што рангирањето се врши автоматски со помош на електронски средства.

*Отворената постапка* се спроведува во една фаза.[8] По исклучок, договорниот орган може да спроведе електронска аукција како дополнителна фаза, при што тоа го објавува во огласот за доделување на договор за јавна набавка и во тендерската документација.

*Ограничената постапка* се спроведува во две фази: прва фаза (фаза на претквалификација) во која договорниот орган врши избор на кандидати врз основа на критериумите за утврдување на способност и втора фаза, во која договорниот орган врши евалуација на понудите кои се поднесени од избраните кандидати, врз основа на критериумите за доделување на договорот.[9] По исклучок, договорниот орган може да спроведе електронска аукција како дополнителна фаза, при што тоа го објавува во огласот за доделување на договор за јавна набавка и во тендерската документација.

Договорниот орган може да спроведе *постапка на конкурентен дијалог* за доделување на договор за јавна набавка доколку: предметниот договор за јавна набавка е особено сложен и спроведувањето на отворена или ограничена постапка нема да овозможи доделување на договорот за јавна набавка.[10] Конкурентниот дијалог се спроведува во три

[8] Член 64 од ЗЈН
[9] Член 68 од ЗЈН
[10] Член 77 од ЗЈН

фази: фаза на претквалификација на кандидати, фаза на дијалог со избраните кандидати по спроведената фаза на претквалификација за да се идентификува решение што одговара на потребите на договорниот орган и врз основа на кое кандидатите ги поднесуваат своите понуди и фаза на поднесување на понудите.[11]

Договорниот орган спроведува *постапка со преговарање со претходно објавување на оглас*: во исклучителни случаи кога природата на работите, стоките или услугите или ризиците кои произлегуваат од тоа, не дозволуваат претходно одредување на вредноста на договорот, за услуги, ако природата на услугата е таква што техничките спецификации не можат да се утврдат доволно прецизно за да овозможат склучување на договор со избирање на најповолна понуда согласно со правилата на отворената или ограничената постапка и за работи кои се изведуваат исклучиво за потребите на истражување, тестирање или развој, а не со цел за стекнување на корист или поврат на трошоците направени за истражувањето и развојот. Во извештајот од спроведената постапка комисијата дава детално образложение за причините за спроведување на постапката со преговарање со претходно објавување на оглас, како и за начинот на спроведување на постапката.[12]

Договорниот орган може да спроведе постапка со преговарање без претходно објавување во посебните ситуации опишани во членот 99 од Законот за јавните набавки.

Договорниот орган може да спроведе *постапка со барање за прибирање на понуди* со објавување на оглас во ЕСЈН кога проценетата вредност на договорот за јавна набавка на стоки и услуги е до 20.000 евра во денарска противвредност, а на работи до 50.000 евра во денарска противвредност, без вклучен ДДВ. При спроведување на постапка со барање за прибирање на понуди, соодветно се применуваат одредбите од овој закон, освен ако во овој дел поинаку не е уредено.[13]

Договорниот орган спроведува *конкурс за избор на идејно решение* согласно со членот 21 став (3) од Законот за јавните набавки, како

[11] Член 79 од ЗЈН
[12] Член 89 од ЗЈН
[13] Член 100 од ЗЈН

посебна постапка со доделување награди, или како дел од постапката за доделување на договор за јавна набавка на услуги.[14]

Договорниот орган склучува *рамковна спогодба со спроведување на отворена или ограничена постапка*. Договорниот орган не смее да ги користи рамковните спогодби со цел да се попречи, ограничи или наруши конкуренцијата.[15] Договорниот орган може да склучи рамковна спогодба за времетраење кое е соодветно на природата на предметот на набавка, но не подолго од две години, освен кај набавката на тестови со вклучена контрола, калибрација и потрошен материјал за лабораториска медицинска дејност, каде рамковната спогодба може да се склучи на период до три години.[16] Договорите за јавни набавки доделени врз основа на рамковна спогодба се склучуваат меѓу договорниот орган и економскиот оператор кој е страна во соодветната спогодба. Договорниот орган не смее да доделува договори за јавни набавки чиј предмет е набавка на услуга, стока или работа која не е предвидена во рамковната спогодба. Договорниот орган пропишува минимални критериуми за утврдување на способност на кандидатите или понудувачите врз основа на проценетата вредност на најголемиот договор за јавна набавка што треба да се додели за времетраење на рамковната спогодба.

Договорниот орган може да користи *електронска аукција*: како последна фаза во отворена постапка, ограничена постапка, постапка со конкурентен дијалог или во постапка со барање за прибирање на понуди или при повторно прибирање на понуди од економските оператори кои се страна во рамковната спогодба согласно со членовите 119 став (5) и 120 од Законот за јавните набавки.[17] Договорниот орган го наведува користењето на електронска аукција во огласот за доделување на договор за јавна набавка и во тендерската документација. Договорниот орган е

[14] Член 105 од ЗЈН
[15] Член 115 од ЗЈН
[16] Член 116 од ЗЈН
[17] Член 121 од ЗЈН

должен да користи електронска аукција во постапките со конкурентен дијалог.

Во рамките на законски определените постапки за јавни набавки, средните училишта во Република Македонија може да ја позиционираат и детектираат онаа процедура која за одредена потреба е усогласена со насоките и намерите кои средното училиште го поставило во фазата на планирање.

## 1.4. КОЈ МОЖЕ ДА СЕ ЈАВИ КАКО ПОНУДУВАЧ (ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОР) ВО ПОСТАПКА ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Економски оператор може да биде секое физичко или правно лице, или група на такви лица, кое на пазарот нуди стоки, услуги или работи и кое на јавната набавка учествува со своја понуда. Понуда е предлог од понудувачот изготвен врз основа на тендерската документација и претставува основа за доделување на договорот за јавна набавка. Понудата се состои од: 1) техничка понуда со која се докажува исполнувањето на поставените технички барања и услови од тендерската документација, и 2) финансиска понуда во која се содржани понудените цени согласно со условите од тендерската документација.

Во услови на слобода на пазарот и претприемништвото, каде постојат голем број трговски субјекти, истите се во постојан предизвик да обезбедат пласман и работа за своите производи, па така, средните училишта потребно е, преку сериозен пристап кон јавните набавки, да изградат механизми со кои ќе привлечат интерес на што е можно поголем број економски оператори кои би се јавиле на нивните повици за јавни набавки. Тоа е единствениот начин, да се обезбеди потребната конкуренција.

## 1.5. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА НАДЛЕЖНИОТ ОРГАН ВО РАМКИТЕ НА СРЕДНОТО УЧИЛИШТЕ ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА ЈАВНАТА НАБАВКА

Постапката за јавната набавка ја води комисија за јавна набавка. Комисијата, во зависност од постапката за доделување на договорот за јавна набавка, ги врши следниве работи: спроведува технички дијалог со економските оператори, отворање на понудите, водење на записник, утврдување на способноста на економските оператори, утврдување на избрани кандидати, проверување на техничките понуди поднесени од понудувачите во врска со условите и барањата од техничките спецификации или од описната документација, проверување на финансиските понуди поднесени од понудувачите во врска со цената, соодветни финансиски и други услови утврдени со тендерската документација, утврдување на неприфатливи понуди, како и причините заради кои тие понуди се сметаат за неприфатливи, утврдување на прифатливи понуди, предлагање на најповолната понуда, подготвување на извештај за спроведената постапка, известување на учесниците во постапката за исходот од соодветната постапка и други работи согласно со овој закон.[18] Исто така, договорниот орган определува лице или организациски облик во чии рамки ќе се вршат и работи од областа на јавните набавки.[19] Лицето е вработено кај договорниот орган, е обучено за вршење на работите од областа на јавните набавки согласно со закон и има соодветна потврда за положен испит за лице за јавни набавки. Ако договорниот орган има определено организациски облик за вршење на работите за јавни набавки, сите лица од организацискиот облик треба да имаат потврда за положен испит за лице за јавни набавки. Лицето или организацискиот облик ги врши следниве работи: ја координира подготовката на планот за јавни набавки, ја изготвува одлуката за јавна набавка, го објавува огласот за јавна набавка, ја советува комисијата при спроведување на постапката за доделување договор за јавна набавка, задолжително учествува како член во комисијата за јавна набавка кај

[18] Член 29 од ЗЈН
[19] Член 29-а од ЗЈН

постапките за доделување договор за јавна набавка со проценета вредност над 130.000 евра во денарска противвредност за стоки и услуги и над 4.000.000 евра за работи, ги подготвува потребните акти врз основа на извештајот од спроведена постапка, ги ажурира податоците кои согласно со овој закон се доставуваат во ЕСЈН, објавува негативна референца во ЕСЈН согласно со условите од овој закон, дава насоки и упатства на договорниот орган во врска со постапување во жалбената постапка во соработка со комисијата за јавна набавка и врши други работи согласно со овој закон.

Надворешните стручни лица ѝ помагаат на комисијата при проверување и евалуација на техничките, финансиските и други работи поврзани со понудите и немаат право да одлучуваат.[20] Надворешните стручни лица подготвуваат извештај во врска со техничките, финансиските и другите работи со цел да го олесни одлучувањето на комисијата при евалуација на понудите. Извештајот на надворешните стручни лица е дел од извештајот за спроведената постапка.

Во таа смисла, средните училишта треба да внимаваат посебно како го определуваат составот на комисијата за јавни набавки. Членовите на комисијата за јавни набавки, препорачливо е да имаат што е можно пошироки познавања за третираната материја.

[20] Член 30 од ЗЈН

# 2. АНАЛИЗА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ НА ЈАВНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Во февруари 2018 година, од страна на истражувачкиот тим на Институтот за стратешки истражувања и едукација – ИСИЕ беше спроведен процес на прибирање и анализа на јавно достапните податоци за јавните набавки на средните училишта во Република Македонија. Податоците се однесуваат на 103 јавни средни училишта во земјата. Податоците кои беа прибрани, се однесуваат на периодот од 1 јули 2013 година до 30 јуни 2017 година. Сите податоци кои беа користени за потребите на истражувањето се прибрани од системот за електронска евиденција по семестар достапен на електронскиот систем на Бирото за јавни набавки на Р Македонија.

Јавните набавки за потребите на оваа анализа се групирани во три групи и тоа: 1) јавни набавки со барање за прибирање на понуди до 5.000 евра, 2) јавни набавки со барање за прибирање на понуди до 20.000 евра за стоки и услуги и до 50.000 евра за работи и 3) јавни набавки на услуги во вредност до 20.000 евра пропишани со Уредбата за определување на услугите кои се предмет на договорите за јавните набавки[21].

Истражувачкиот тим, дополнително, ги рекатегоризираше набавките во 30 категории, согласно намената на набавката. Така, ова истражување ги открива и конкретните износи на склучени договори за јавни набавки меѓу јавните средни училишта и различни носители за следните намени: (1) градежни активности и реконструкции, уредување на дворни површини; (2) греење и горива; (3) електроматеријали, водоводни материјали, бои и лакови, железарија и санитарии; (4) здравствени услуги;

[21] Уредбата за определување на услугите кои се предмет на договорите за јавните набавки, Службен весник на РМ, бр. 157/2007

(5) канцелариски материјали; (6) компјутери и опрема; (7) мебел; (8) медицински материјали; (9) молеро-фарбарски услуги; (10) музички инструменти; (11) набавка на возило; (12) наставно-образовни помагала; (13) обезбедување; (14) одржување; (15) осветлување; (16) осигурување; (17) правни и консултантски услуги и услуги од областа на јавните набавки; (18) прехранбени производи и пијалаци; (19) прозорци и врати; (20) репрезентативен материјал; (21) софтвер; (22) спортски материјали; (23) телефонија; (24) тонери; (25) транспорт; (26) угостителски услуги; (27) услуги од авторска агенција; (28) хигиена; (29) хотелски услуги и (30) друго. Категориите беа определени врз основа на податоците за фактички склучените договори.

## 2.1. ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Вкупната вредност која јавните средни училишта во Република Македонија ја потрошиле за јавни набавки во периодот на анализата 1.7.2013–30.6.2017 година, изнесува 696.248.519 денари. Од нив 49,6%, односно 345.321.763 денари, е вкупната вредност на склучените договори за понуди до 5.000 евра, со 46,4 % (322.792.022 денари) учествува вредноста на склучените договори за стоки и услуги до 20.000 евра и работи до 50.000 евра, додека учеството на склучените договори за услуги пропишани со Уредба изнесува 28.134.734 денари, односно 4%. Во календарската 2016 година, вкупната вредност на јавните набавки изнесува 220.837.775 денари.

-

ТАБЕЛА 1. ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА СКЛУЧЕНИТЕ ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ НА ЈАВНИТЕ СРЕДНИ УЧИЛИШТА ВО РМ

| Период | Вредност на склучениот договор со ДДВ (ден) | | | |
|---|---|---|---|---|
| | До 5.000 евра | До 20.000 евра за стоки и услуги и до 50.000 евра за работи | Услуги пропишани со Уредба | **ВКУПНО** |
| **1.7. –31.12. 2013** | 46.625.325 ден. | 27.723.378 ден. | 5.457.597 ден. | 79.806.300 ден. |
| **2014** | 77.637.943 ден. | 57.709.780 ден. | 3.895.152 ден. | 139.242.875 ден. |
| **2015** | 86.886.301 ден. | 90.049.107 ден. | 5.437.848 ден. | 182.373.256 ден. |
| **2016** | 99.908.469 ден. | 113.280.835 ден. | 7.648.451 ден. | 220.837.755 ден. |
| **1.1. –30.6. 2017** | 34.263.725 ден. | 34.028.922 ден. | 5.695.686 ден. | 73.988.333 ден. |
| **ВКУПНО** | **345.321.763 ден.** | **322.792.022 ден.** | **28.134.734 ден.** | **696.248.519 ден.** |

*Извор: Електронски систем за јавни набавки на Бирото за јавни набавки на РМ*

Во периодот кој беше предмет на наш интерес биле склучени вкупно 3.343 договори за јавни набавки меѓу јавните средни училишта и различни носители. Од нив, 2.435 договори со 96 училишта припаѓаат во првата категорија за јавни набавки (до 5.000 евра), 781 договори за јавни набавки од 70 училишта се однесуваат на втората категорија на набавки (до 20.000 евра за стоки и услуги и до 50.000 евра за работи) и 127 договори биле склучени за услуги до 20.000 евра согласно Уредбата за определување на услугите кои се предмет на договорите за јавните набавки.

ТАБЕЛА 2. ВКУПЕН БРОЈ ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА РАБОТИ, СТОКИ И УСЛУГИ ВО ПЕРИОДОТ 1.7.2013–30.6.2017 ГОДИНА.

| **Вид на договор за јавна набавка** | **Број на склучени договори** | | | |
|---|---|---|---|---|
| | До 5.000 евра | До 20.000 евра за стоки и услуги и до 50.000 евра за работи | Услуги пропишани со Уредба | **ВКУПНО** |
| **Работи** | 112 | 114 | / | 226 |
| **Стоки** | 1.601 | 531 | / | 2.132 |
| **Услуги** | 722 | 136 | 127 | 985 |
| **ВКУПНО** | **2.435** | **781** | **127** | **3.343** |

*Извор: Електронски систем за јавни набавки на Бирото за јавни набавки на РМ*

Од анализата на структурата на јавните набавки групирани по вид на јавната набавка, заклучокот е дека и во првата и во втората категорија на јавни набавки доминираат јавните набавки каде предмет е набавка на стоки (64% од вкупниот број договори), понатаму следат јавните набавки кои имаат за предмет набавки на услуги (29% од вкупниот број договори), додека најмалку бројни се јавните набавки на работи со најмалку склучени договори за јавни набавки на работи (7%).

Како што наведовме, процедурата за јавни набавки треба под еднакви услови да обезбеди фер натпревар за сите економски оператори. Тоа значи дека секој економски оператор треба во рамноправна процедура да учествува на јавната набавка. Генералната претпоставка е дека ако имаме систем на јавни набавки кој е поставен на вакви темели, истиот ќе ги поттикне економските оператори масовно да учествуваат во постапката на јавната набавка. Имено, со фактот што повеќе економски оператори учествуваат во постапката, се покажува дека тие веруваат во фер игра. Од анализата направена во рамките на ова истражување за јавни набавки до 5.000 евра, се забележува дека во 739 постапки се јавил само еден економски оператор, во 670 постапки се јавиле само 2 економски оператори кои се натпреварувале помеѓу себе, а во 396 постапки се јавиле само три економски оператори кои си конкурирале

меѓу себе. За забележување е фактот дека во една постапка се јавиле 19 економски оператори кои се натпреварувале меѓу себе.

ТАБЕЛА 3. БРОЈ НА ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОРИ КАЈ ДОГОВОРИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ДО 5.000 ЕВРА ВО ПЕРИОДОТ 1.7.2013–30.6.2017 ГОДИНА.

| Број на економски оператори | Број на добиени понуди | Процент |
|---|---|---|
| **1** | 739 | 30,35% |
| **2** | 670 | 27,52% |
| **3** | 396 | 16,26% |
| **4** | 304 | 12,48% |
| **5** | 173 | 7,10% |
| **6** | 70 | 2,87% |
| **7** | 38 | 1,56% |
| **8** | 15 | 0,62% |
| **9** | 9 | 0,37% |
| **10** | 7 | 0,29% |
| **Повеќе од 10** | 10 | 0,41% |
| **Нема податок** | 4 | 0,16% |
| **ВКУПНО** | 2.435 | 100,00% |

*Извор: Електронски систем за јавни набавки на Бирото за јавни набавки на РМ*

Многу сличен сооднос и број на учесници по постапка се детектира и во постапките до 20.000 евра за стоки и услуги и до 50.000 евра за работи. Имено, во овие постапки во 224 од нив се пријавил само еден учесник, додека во 215 постапки се пријавиле само по 2 економски оператори, а во 135 постапки се пријавиле по три економски оператори. Наспроти тоа во пет постапки се пријавиле по 12 економски оператори кои се натпреварувале меѓу себе на односната постапка (види Табела 4).

ТАБЕЛА 4. БРОЈ НА ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОРИ УЧЕСНИЦИ ВО ПОСТАПКА ДО 20.000 ЕВРА ЗА СТОКИ И УСЛУГИ И ДО 50.000 ЕВРА ЗА РАБОТИ ВО ПЕРИОДОТ 1.7.2013–30.6.2017 ГОДИНА.

| Број на економски оператори | Број на добиени понуди | Процент |
|---|---|---|
| **1** | 224 | 28,68% |
| **2** | 215 | 27,53% |
| **3** | 135 | 17,29% |
| **4** | 74 | 9,48% |
| **5** | 48 | 6,15% |
| **6** | 36 | 4,61% |
| **7** | 19 | 2,43% |
| **8** | 12 | 1,54% |
| **9** | 5 | 0,64% |
| **10** | 6 | 0,77% |
| **12** | 5 | 0,64% |
| **Нема податок** | 2 | 0,26% |
| **ВКУПНО** | 781 | 100,00% |

*Извор: Електронски систем за јавни набавки на Бирото за јавни набавки на РМ*

И кај третата категорија на јавни набавки, услуги до 20.000 евра пропишани со Уредба, доминираат набавките каде се пријавил само еден економски оператор и со него бил склучен договор.

ТАБЕЛА 5. БРОЈ НА ЕКОНОМСКИ ОПЕРАТОРИ КАЈ ДОГОВОРИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ ЗА УСЛУГИ ДО 20.000 ЕВРА УРЕДЕНИ СО УРЕДБА ВО ПЕРИОДОТ 1.7.2013–30.6.2017 ГОДИНА.

| Број на економски оператори | Број на добиени понуди | Процент |
|---|---|---|
| **1** | 63 | 49,61% |
| **2** | 20 | 15,75% |
| **3** | 20 | 15,75% |
| **4** | 8 | 6,30% |
| **5** | 7 | 5,51% |
| **6** | 2 | 1,57% |
| **7** | 2 | 1,57% |
| **8** | 2 | 1,57% |
| **9** | 2 | 1.57% |
| **10** | 1 | 0,79% |
| **ВКУПНО** | 127 | 100,00% |

*Извор: Електронски систем за јавни набавки на Бирото за јавни набавки на РМ*

## 2.2. ВРЕДНОСТ НА СКЛУЧЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Друг параметар за процена на јавните набавки, односно нивното планирање и нивната успешност е соодносот помеѓу проценетата вредност и вредноста на склучениот договор. Проценета вредност во основа претставува показател по кој договорниот орган, во случајов конкретно средно училиште проценило дека ќе го чини јавната набавка и со која вредност започнува процедурата. Тоа не е вредноста по која ќе се склучи договорот за јавната набавка, туку тоа е само почетна вредност. Како што е познато, за време на траењето на постапката економските

оператори натпреварувајќи се меѓу себе, даваат помали понуди по правило од проценетата вредност, односно при електронската аукција меѓу себе се натпреваруваат со негативни наддавања. Со други зборови, електронската аукција започнува со проценетата вредност, а преку меѓусебни негативни наддавања економските оператори ја спуштаат цената. На тој начин, најниската постигната цена при електронската аукција ќе биде цената на склучениот договор за јавна набавка. Тоа само по себе значи дека колку повеќе економски оператори ќе се пријават како учесници во постапката, поголеми се очекувањата дека истите посериозно ќе учествуваат во негативните наддавања, што секако ќе резултира со намалување на цената, односно ќе се постигне најниска можна цена. Учеството на повеќе економски оператори подразбира создавање на здрава конкуренција и ефикасни правни правила кои овозможуваат фер натпревар.

Во продолжение се дадени вкупните вредности на проценети вредности на јавни набавки и вкупните вредности на склучени договори за јавни набавки. Она што веднаш може да се заклучи е дека во многу од постапките за јавни набавки е постигната цена која е помала за неколку пати од проценетата цена. Показател за тоа е и дека вкупната проценета вредност за договори за јавни набавки до 5.000 евра е 493.522.087 ден., додека вредноста на сите склучени договори за јавни набавки е 345.851.663 ден. Истото го забележуваме и кај втората категорија на набавки каде што вкупната проценета вредност изнесува 584.428.910 денари, додека вредноста на склучените договори е 322.792.022 денари. Тоа значи дека и во двата случаи разликата помеѓу проценетата вредност и вредноста на склучените договори е заштеда која е постигната во процесот на јавните набавки и која останува за средното училиште и истата може да се искористи за други потреби.

ГРАФИКОН 1. ПРОЦЕНЕТА НАСПРОТИ ВИСТИНСКА ВРЕДНОСТ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ




| | До 5000 евра | До 20.000 евра за стоки и услуги и до 5000 евра за работи |
|---|---|---|
| Проценета вредност (ден) | 493,522,087 ден. | 585,654,910 ден. |
| Вредност на склучениот договор (ден) | 345,851,663 ден. | 324,033,752 ден. |
| Процент | 70.08% | 55.33% |

*Извор: Електронски систем за јавни набавки на Бирото за јавни набавки на РМ*

Кај склучените договори кои се однесуваат на набавка на услуги до 20.000 евра уредени со Уредба, вкупниот износ на склучени договори изнесува 28.134.734 денари.

Во прилог на оваа студија (Додаток 1 и Додаток 2) се поместени информации за проценетата вредност и вредноста на склучените договори на секое училиште одделно во периодот 1.7.2013–30.6.2017 година. Во Додаток 3, пак, се наоѓаат конкретните податоци по година за вредноста на склучените договори за набавка на услуги уредени со Уредба.

## 2.3. НАМЕНА НА ЈАВНИТЕ НАБАВКИ

Графиконот 2 и Графиконот 3 ги претставуваат вредностите на јавните набавки по намена за периодот 1.7.2013–30.6.2017 година. Целта на овие прикази е читателот на оваа публикација да може да ја има предвид структурата на трошоците кои ги прават јавните средни училишта кога се јавуваат во својство на договорен орган за јавни набавки. Во таа насока, се забележува дека издатоците се направени за различни потреби на

јавните средни училишта кои вклучуваат: градежни активности, реконструкции, греење, набавка на електроматеријали, водоводни материјали, бои и лакови, осветлување, одржување, наставно-образовни помагала, набавка и поправка на возила, прозорци и врати, репрезентативен материјал, софтвер, тонери, копирање, стоки, телефонија, осигурување итн. Може да се констатира дека се работи за широк дијапазон на набавки. Тоа произлегува и од погоре изнесеното, а кое е определено и со профилот на наставни програми кои го овозможува средното училиште. Дополнително, неспорно е дека, одреден тип стоки и услуги ќе бидат карактеристични и преовладувачки за средните стручни училишта.

ГРАФИКОН 2. ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА СКЛУЧЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, ПО НАМЕНА ВО ПЕРИОДОТ 1.7.2013–30.6.2017 ЗА НАБАВКИ ДО 5.000 ЕВРА




*Извор: Електронски систем за јавни набавки на Бирото за јавни набавки на РМ*

ГРАФИКОН 3. ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА СКЛУЧЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, ПО НАМЕНА ВО ПЕРИОДОТ 1.7.2013–30.6.2017 ЗА НАБАВКИ НА СТОКИ И УСЛУГИ ДО 20.000 ЕВРА И РАБОТИ ДО 50.000 ЕВРА




Извор: Електронски систем за јавни набавки на Бирото за јавни набавки на РМ

Графикон 4, пак, го претставува вкупниот износ на вредноста на склучените договори за јавни набавки за услуги до 20.000 евра уредени со Уредбата. Може да се забележи дека доминираат услугите кои средните училишта ги набавуваат од авторски агенции, како и угостителски и хотелски услуги.

СЛИКА 4.ВКУПНА ВРЕДНОСТ НА СКЛУЧЕНИ ДОГОВОРИ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ, ПО НАМЕНА ВО ПЕРИОДОТ 1.7.2013–30.6.2017 ЗА НАБАВКИ НА УСЛУГИ ДО 20.000 ЕВРА УРЕДЕНИ СО УРЕДБА




*Извор: Електронски систем за јавни набавки на Бирото за јавни набавки на РМ*

## 2.4. НОСИТЕЛИ НА ЈАВНИ НАБАВКИ

Секако, од посебен интерес за ова истражување е да се направи и преглед на економските оператори кои добиваат јавни набавки, односно склучуваат договори за јавни набавки со средните училишта. Целта на овој дел од анализата е да се види како оди соодносот на склучени договори по различни економски оператори. Според табелата, може да се види дека првиот економски оператор на листата има склучено 89 договори за јавни набавки во периодот 1.7.2013–30.6.2017, додека вториот економски оператор на листата има склучени 64 договори за јавни набавки во истиот период, а третиот субјект на листата има склучено 55 договори. Во

